Република Македонија
Интернационален универзитет
ЕУРОПА ПРИМА
Бр. 03-125
21.07 2020 год.
СКОПЈЕ

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА ОБЛАСТ ТЕОРИЈА НА ПРАВОТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ СТУДИИ И ДИГИТАЛНА ЗАШТИТА ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА – СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита при Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје, бр. 03-126/1 од 16.07.2020 година, определени сме за членови на Резензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни-звања по група предмети од област Теорија на правото, Човекови права и слободи (50801; 50818 Фраскатиева класификација) на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита при Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје. Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Нова Македонија од 04.07.2020 година и во предвидениот рок се пријави вонреден професор д-р Фердинанд Оџаков. Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита при Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје, да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Со Одлука бр. 02-85/1 од 17.02.2018 година, донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европскиот универзитет – Скопје, доц. д-р Фердинанд Оџаков, доктор на правни науки , е избран за наставник во наставно-научно звање НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР, од област на ТЕОРИЈА НА ПРАВОТО во времетраење од пет години. Изборот е извршен по претходно објавен Конкурс во весникот Вечер од 26.12.2017 година и врз основа на предлог на рецензентска комисија во состав: проф. д-р Иван Бимбиловски, проф. д-р Љупчо Сотироски и проф. д-р Атанас Козарев.

Извештајот содржи осврт за образованието на кандидатот, неговиот научен развој и професионален ангажман, како и објавените научни и стручни трудови. Во заклучокот на извештајот се напоменати постигнувањата на кандидатот во наставно-образовната дејност и во научно-истражувачката работа, како и фактот дека ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование за избор во наставно-научно звање.

По разгледувањето на Извештајот од рецензентската комисија и Одлуката за избор во наставно-научно звање, Комисијата формирана со одлука на Наставно-научниот совет на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита при Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје, констатира дека изборот е извршен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европскиот универзитет – Скопје и истиот е извршен во постапка и согласно условите кои се утврдени во Законот за високо образование.

Врз основа на наведеното, Комисијата го потврдува изборот на д-р Фердинанд Оџаков, доктор на правни науки, за наставник во научното подрачје Општествени науки, научно поле правни науки, научна област Теорија на правото , во наставно научно звање **вонреден професор**, заклучно со 17.02.2022 година.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоја Катру

Проф. д-р Атанас Козарев

Проф. д-р Љупчо Сотироски